## Вентилатор

### Уметнички ангажмани

Германскиот сликар и вајар, Анселм Кифер, е добитник на годинашната Мировна награда на германското Здружение на издавачите. Наградата ќе му биде врачена во ноември, на последниот ден од најголемиот светски Саем на книгата, кој се одржува во Франкфурт. За добитникот признанието значи голема медиумска промоција, но и конкретен паричен износ од 25.000 евра. Кифер е познат и провокативен уметник кој со своите дела редовно ги критикува националсоцијализмот и германската историја. Ученик е на Јозеф Бојс, веќе со години живее во Франција, а неговите политички ставови и бескомпромисни уметнички ангажмани му донесоа симпатии кај франкфуртското жири, кое минатата година го награди историчарот Сол Фридландер за неговата работа врз историјата на холокаустот. (Д.Б.)



### Наградата „Оринџ“

Писателката Роуз Тремејн е добитник на наградата „Оринџ“, која се доделува за романи напишани на англиски јазик. Тремејн ја доби наградата за романот „The Road Home“ посветен на еден источногермански работник кој заминал во Англија за да пронајде подобар живот за неговата мајка и ќерка. Тоа е десетти роман на 65- годишната Тремејн, која во 2004 година, исто така, била во тесниот избор за оваа значајна награда, но тогаш со романот „Бои“. Паричната вредност на наградата „Оринџ“ изнесува 30.000 фунти, а се доделува во „Ројал фестивал хол“ во Лондон. Роуз Тремејн е родена во 1943 година во Лондон, студирала во Сорбона, а во 2000 година ја добила титулата почесен доктор за книжевност. Годинава во конкуренцијата за наградата биле шест писателки, вклучувајќи и три дебитантки. Во најтесниот избор биле Шарлот Менделсон и Ненси Хјустон. Наградата „Оринџ“ е основана во 1996 година и за неа можат да конкурираат писателки кои своите дела ги пишуваат на англиски јазик. (Д.Б.)



**ЈУБИЛЕЈ** Со изложбата се опфатени повеќе од 150 дела, слики, графики, цртежи и скулптури, и на тој начин уметникот го обележува својот јубилеј - 50 години творештво

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*
ФОТО: **АНДРЕЈ ГИНОВСКИ**



# Сакам да го откријам

Ретроспективен приказ во кој се опфатени сите развојни фази на ликовниот уметник Нове Франговски, од цртежи направени на дванаесетгодишна возраст, до најновите платна насликани во текот на оваа година, е поставен во галеријата на мултимедијалниот центар „Мала станица“ при Националната галерија на Македонија. Со изложбата се опфатени повеќе од 150 дела, слики, графики, цртежи и скулптури, и на тој начин уметникот го обележува својот јубилеј - 50 години творештво.

■ **ФИГУРАЦИЈА** Во творечкиот опус на Франговски, најсилно се нагласени два сликарски периоди: фигуративниот и апстрактниот. „Фигурацијата беше присутна во моето творештво затоа што уште во почетокот се градев како автор кој себеси се сметаше за скулптор, а скулптурата е поврзана со фигурацијата. Фигурацијата го зафаќа подолгиот период во моето творештво, со сите свои ангажирани моменти, моменти на посветеност на самата фигура и моменти на посветеност кон фигурата во социјалниот амбиент. Во одреден период почувствував дека со мојата фигурација навлегувам во едно суштествено и многу значајно време во битисувањето на нашата држава. Потоа преодот се случи одеднаш. Тоа ме повлече во еден сосема друг творечки правец. Не сакав да сликам црнила на моите платна. Во фигуративното сликарство се знае дека црноцрвената боја значи убиства, крварење, и затоа се свртев кон природата. Природата е постојана инспирација на уметникот. Тоа ме одржа како уметник и ми овозможи да живеам и да создавам на еден друг начин“, објасни Франговски.

■ **НИТКА** Апстрактниот сликарски период кај Нове Франговски трае од почетокот на деведесетите години до денес. Ликовната критика циклусот го расчленува на два стилски правци: лирска апстракција, во која се поместени делата каде како мотив се појавува природата, и акционо сликарство, каде во спојот со природата, како еден вид бегство од човековата отуѓеност, човекот повеќе не е двигател, ами нем набљудувач и сениште кое одвреме навреме како дух провејува низ платната на Франговски. „Човек се гради како личност, или како уметник. Со размислувањата и со творештвото се обидува да се пронајде себеси, да го пронајде духот, да го открие креативниот момент. Уметникот треба во секој момент да сака да експериментира, да се обидува да пронајде нешто ново. Тоа не значи дека со пронаоѓањето на новото ќе го отфрли старото, туку од старото да произлезе нешто ново, и да има нитка која го поврзува творештвото во една целина. Навидум, на прв поглед се чини дека не е истиот автор, но кога подлабоко ќе се загледате во делата, и кога ќе ги опфатите философските, сликарските и техничките размислувања во самото дело, ќе забележите дека има голема кореспонденција со старото, и ќе

## ФИЛИП ФИДАНОВСКИ ПРЕПОРАЧУВА



Филип Фидановски е керамичар и доцент на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Интензивно работеше во подготовката на изложбата „107 македонски уметници“, која ДЛУМ успешно ја реализираше во Париз, а за „Глобус“ препорачува:

### КНИГА

„Куфер со соништа“ од Сузана Турунџиева. Книгата ве остава без здив со емоциите, искреноста, храброста и со чувството на одговорност пред самите себе, што ќе ве доведе до моментот да се прашате: дали навистина живееме во својот реален свет?



### ФИЛМ



Можеби подзаборавен, но, според мене, одличен е филмот „Преку езерото“ на Антонио Митриќевски. Прекрасна драма што ја обработува темата на љубовта и покажува колку е голема и што сè човек е подготвен да направи и да издржи за љубовта.

# треперењето на душата

ја откриете нитката која ги спојува. Вистинскиот уметник секогаш ја слика својата слика. Како мојата слика ќе биде завршена сè уште не знам. Крајот сè уште го барам,“ вели Франговски.

■ **НЕМИР** Во последниот период, како еден сегмент од апстрактното сликарство, Франговски го изразува сопствениот внатрешен немир. „Сакам да го изразам својот немир. Живееме во време кога изгледа дека на луѓето им е пријатно и фино, но внатре во нив тлее немир, заради различни социјални, економски и психолошки моменти. Сега веќе трагам по духовниот дел на фигурата. Фигурата ја расчленувам обидувајќи се да ја откријам нејзината внатрешна состојба. Да го откријам треперењето на душата. Дури и кога изгледа дека човекот е физички здрав, и корпулентен, сепак тој носи немир во себе, трепери. Треперењето е немирот кој го носи во себе. Неговата несигурност е неговиот немир. Неговото чувство и желба да се прероди, да се создаде нешто ново, да дојде до перспективата од која ќе произлезе неговиот мир, мора да помине низ фазата на сопствениот немир. Немирот е како адреналин кој постојано го чувствувате, и постојано мислите дека ќе помине, и сè ќе биде мирно, но тоа чувство никогаш не поминува. Треперењето постојано се јавува како одраз на нашиот внатрешен немир. А немирот создава нова креација, нов начин на размислување, затоа што ако се смириме, веќе нема да постои креацијата“, открива Франговски.

■ **ГАЛИЧНИК** Неодминлив мотив во творештвото на Франговски е неговиот роден крај. „Во Галичник сум живеел првите година и пол, а потоа сум се вратил во Галичник кога сум имал 12 години. Генот кој моите родители и галичката природа ми го дале, го чувствувам и денес. Сликата која на некој начин го заокружува моето творештво претставено со оваа ретроспективна изложба, и која го носи насловот ‘Крст’, е симбол на животот кој значи дека еден ден Галичник повторно ќе заживее и дека повторно ќе се возобноват галичките огништа. Исто како и со Македонецот кој како да нема свое тло, и неговиот идентитет постојано се негира, но и покрај сите негации, тој опстојува и постојано се возобновува“, заклучи Нове Франговски. ■



**НОВЕ ФРАНГОВСКИ** Немирот создава нов начин на размислување, нова креација, затоа што ако се смириме, креацијата веќе нема да постои



**КРСТ** Сликата која го носи насловот „Крст“ е симбол на животот кој значи дека еден ден Галичник повторно ќе заживее

## ТЕАТАР

„Македонска приказна“ на Театарот за деца и младинци е претстава што треба да ја погледне секој млад Македонец. Претставата е прекрасна приказна направена во духот на македонските обичаи и традиција.



## ЦД



„Јас, Исидора“ на Калиопи Букле. Повторно една љубовна приказна, но овој пат како музика за балет. Музика што ве понесува во тајните на балетот и на пишаниот збор. Танго кое ќе ви ја открие големата љубов меѓу уметниците Исидора Данкан и Сергеј Есенин.

## ИНТЕРНЕТ

Ја препорачувам Интернет-страницата на Друштвото на ликовните уметници на Македонија www.dlum.org.mk, на која ќе може да откриете повеќе за македонската ликовна уметност, да погледнете и да дознаете повеќе за македонските уметници.



# Домашно кино

ПИШУВА: **ИГОР АНЃЕЛКОВ**

## Паркот „Параноја“

**(САД/ФРАНЦИЈА)**

**PARANOID PARK** (84 мин.)

**режија: Гас ван Сент**
**улоги: Гејб Невинс, Тејлор Момсен, Џејк Милер**

Доколку ви се допадна „Слон“ на Гас ван Сент, носител на „Златна палма“ во 2003 година во Кан, тогаш сигурно ќе се определите и за неговото последно остварување, „Паркот Параноја“, бидејќи стилски многу си личат еден на друг. Овој пат станува збор за приказна за скејтери, случајно убиство на чуварот на скејт-паркот, и истрагата која следува потоа. Или: режисерот повторно успева од натуршчиците да извади максимум, сето тоа надополнето со прекрасна психоделична музика, поради која на крајот ќе се сомневате дали сте гледале одличен филм или модерен видеоспот. Гас е еден и единствен!



★★★☆

## Татнеж риба

**(САД)**

**RUMBLE FISH**

(94 мин.)

**режија: Френсис Форд Копола улоги: Мет Дилон, Мики Рурк, Дајан Лејн**

Доколку бараме сличен филм на оној на Ван Сент, трагата нè наведува на најнетипичното дело во богатата кариера на култниот режисер на „Кум“, Ф. Ф. Копола. Едноставно, по тешкиот и антологиски проект „Апокалипса сега“, човекот сакаше да ‘искулира’, снимајќи филм за смртта на генг-културата во САД, еден забавен проект во црно-бело, кој изобилува со иконографија составена од кожени јакни, мотори и улични тепачки, истовремено поставувајќи го и клучното прашање на секој задоцнет пубертетлија: дали и кога треба да се замине од малата медиокритетска средина која постојано ве задушува. Ремек-дело!



★★★★

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично